PRO AUDIT

СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KESHILLI PER AVANSIM DHE MBIKEQYRJE TE REVIZIONIT NE REPUBLIKEN E MAQEDONISE SE VERIUT

| Примено: | 31.03.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 11/22 | 1 | |

Архивски знак:
Рок на чување:
20 година
Потпис.

До:

Совет за унапредување и надзор на

ревизијата на Република Македонија

Предмет: Извештај за транспарентност за 2020 година

Почитувани,

Би сакале да ве информираме дека Извештајот за транспарентност на Друштво за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово за 2020 година беше поставен на официјалниот сајт на друштвото www.proaudit.com.mk на датум 31.03.2021. Истиот, согласно вашите инструкции ви го праќаме во електронска форма заедно со овој допис.

Со почит,

Куманово,

31.03.2021

Друштво за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово

Управител,

Дејан Вељковски

ADRESS
Braca Ribar 1, lok.5
Kumanovo, Macedonia
PO BOX 236

TELEPHONE & FAX
+389 (0) 31 422 762
+389 (0) 70 228 110
+389 (0) 70 375 077

WEB
kontakt@proaudit.com.mk
www.proaudit.com.mk

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## на ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА ПРОАУДИТ ДОО КУМАНОВО

## ЗА 2020 ГОДИНА

Согласно барањата за Законот за ревизија во Република Македонија (Сл.Весник на РМ бр. 79/2005, 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/14 и 138/14), Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово го објавува овој Извештај за транспарентност.

**Содржина на извештајот:**

1. Опис на правната структура и сопственост на Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово,
2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што припаѓа,
3. Опис на управувачката структура на Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово.
4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитетот на Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово и изјава од управувачкото тело за ефективноста на неговото функционирање,
5, Датумот кога е извршена последната проверка за уверување на квалитетот на ревизорот согласно со Законот за ревизија,
6. Список на субјекти кај кои е извршена ревизија во текот на 2020 година,
7. Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово и дека истите се спроведени,
8. Изјава за политиката што ја следи Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово за континуирана едукација на овластените ревизори.
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизија и од други надоместоци.
10. Информација за основите по кои се утврдуваат примањата на овластените ревизори во Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово.

**1. Опис на правната структура и сопственост на**

**Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово**

Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово е основано согласно Законот за ревизија и Законот за трговски друштва како друштво со ограничена одговорност. Друштвото е основано на 04.07.2001 година во Скопје под назив Друштво за ревизија МАРЛЕКО ДОО Скопје. На 11.02.2003 година врз основа на трајните уверенија за овластени ревизори, со кои се здобија основачите на Друштвото, истото од Министерството за финансии добива трајна дозвола за работа. Друштвото е заведено во регистарот при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија под број ДР005 и има добиено лиценца за работа за вршење на работи за ревизија бр.20 од 20.11.2013 година, од Советот за унапредување и надзор на ревизијата. Друштвото со датум 31.12.2020 година како и со датумот на објавување на овој извештај има вкупно 7 (седум) вработени лица, сите на неопределено полно работно време.

Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово е во целосна сопственост на 2 (две) физички лица и сопственичката структура е како што следи:

| Основач | Статус | Удел |
|---|---|---|
| Соња Зафировиќ | Овластен ревизор | 168.600 ден. (50%) |
| Дејан Вељковски | Овластен ревизор | 168.600 ден. (50%) |
| Вкупно основна главнина | | 337.200 ден. |

Приоритетна дејност на друштвото согласно НКД е 69.20 Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото е осигурано од одговорност согласно Законот за ревизија со полиса број 13053000079811/0 за перидот 22.01.2021 – 22.01.2022 на вкупен годишен лимит од 250.000 Евра.

PRO AUDIT

## 2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што припаѓа

Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово делува како локално друштво за ревизија на територијата на Република Македонија и не припаѓа на некоја локална, регионална или глобална професионална мрежа.

Друштвото е основано и работи со цел давање на услуги на комитентите кои делуваат на пазарот во Република Македонија.

## 3. Опис на управувачката структура на Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово

Согласно Договорот за основање на друштвото управувачката структура на Друштвото е следната:

- Собир на содружници и
- Управители на друштвото.

Управители на друштвото се Соња Зафировиќ и Дејан Вељковски.

## 4.Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитетот на Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово и изјава од управувачкото тело за ефективноста на неговото функционирање.

За воспоставување на системот на контрола на квалитетот се применуваaат одредбите на Меѓународниот стандард за контрола на квалитетот 1.

Системот за контрола на квалитетот се состои од политики дизајнирани да обезбедат разумно уверување дека фирмата и нејзиниот персонал се придржуваат кон професионалните стандарди и законските и регулаторни барања и дека извештаите издадени од Друштвото се соодветни на околностите. Политиките и постапките се изготвени во писмена форма и истите се презентирани на вработените во Друштвото. Крајна одговорност за воспоставување и функционирање на системот на контрола на квалитетот ја превзема управителот на Друштвото.

PRO AUDIT

Системот на контрола на квалитетот вклучува политики и процедури кои ги дефинираат следните елементи:

а. Одговорност на раководните лица за квалитет во рамките на Друштвото.

б. Етички барања.

в. Прифаќање и продолжување на односот со клиентот и специфични ангажмани.

г. Човечки ресурси.

д. Извршување на ангажмани.

ѓ. Следење.

а. Одговорноста на раководните лица за квалитет се воспоставува на тој начин што при извршување на работите, раководните лица се придржуваат кон професионалните стандарди и законските барања и издаваат извештаи кои се соодветни на околностите.

б. Етичките барања кои се однесуваат на ревизиите и проверките на финансиските информации се воспоставуваат преку придржување кон основните принципи на професионалната етика и тоа: интегритет, објективност, професионална компетентност, доверливост и професионално однесување.

в. При прифаќањето и продолжувањето на односите со клиентите, Друштвото ги презема следниве активности:

- ги разгледува потребните компетенеции, способности и ресурси потребни за спроверување на ангажманот

- го разгледува интегритетот на клиентот и не прифаќа ангажман доколку заклучи дека на клиентот му недостасува интегритет

- при извршување на ревизијата може да ги применува етичките барања.

г. Планирањето на човечките ресурси опфаќа активности со кои Друштвото анализира дали има достатно персонал со способност, компетентност и посветеност на етичките принципи неопходни за извршување на ангажманот. Тие активности се насочени кон регрутирање, оценка на работењето, способноста, компетентноста, развој на кариерата, унапредување, надоместок и

PRO AUDIT

проценка на потребите на персоналот. При назначување на одговорниот ревизор и членовите на тимот за секој ангажман, како и при назначување на експерти, раководните лица ги земаат во предвид компенетенциите, способностите и ресурсите потребни за спроверување на ангажманот и етичките барања.

д. Ангажманите се извршуваат во согласност со професионалните стандарди и регулаторните и законските барања, а извештаите се соодветни на околностите. Преку своите политики и постапки Друштвото настојува да воспостави конзистентност во квалитетот на извршување на ангажманот.

Ѓ. Целта на следењето на усогласеноста на политиките и постапките за контрола на квалитетот треба да обезбеди оценка: на усогласеноста со професионалните стандарди и законските и регулаторни барања, дали системот на контрола на квалитетот бил соодветно дизајниран и ефективно имплементиран, дали политиките и постапките биле соодветно применети за да извештаите бидат соодветни на околностите.

Управителите на друштвото изјавуваат дека воспоставениот внатрешен систем на контрола на квалитет на Друштвото функционира на ефективен начин. Изјавата за ефективност на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет е дадена во прилог 1 кон овој Извештај.

## 5.Проверка во уверување во квалитетот на ревизорот

Последна проверка во Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово од страна на овластени лица од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија е извршена во февруари 2021 година за ревизии вршени во 2020 година, а кои се однесуваат на финансиските извештаи заклучно со датум од 31.12.2019 година, при што е извршена проверка на системот на контрола на квалитет.

## 6.Список на субјекти кај кои е извршена ревизија во 2020 година

Во текот на 2020 година Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово изврши законска и договорна ревизија кај следните субјекти:

PRO AUDIT

-Законска ревизија:

1. ААМ ДОО Скопје
2. АГРИА ДОО Велес
3. ЕЛИДА ДОО Куманово
4. ПРО ЗДЕНКА КАБЛИ ДООЕЛ Неготино
5. КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје
6. КРАТЕР ДООЕЛ Скопје
7. ЛЕОВ КОМПАНИ ДООЕЛ Велес
8. МЕГА ДОО Куманово
9. МЕЃУНАРОДНИ УЧИЛИШТА НОВА
10. МИКРОТИМ ДОО Куманово
11. МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје
12. ОФИС ПЛУС ДООЕЛ Скопје
13. ПРОСТОР ДОО Куманово
14. ПУЦКО ПЕТРОЛ ДОО Македонски Брод
15. РОБИ ДООЕЛ Штип
16. СЕАВУС ДООЕЛ Скопје
17. СИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
18. ТДА ДОО Скопје
19. ЕКСИМА ДООЕЛ Скопје
20. ПРОЛУКС АД Велес
21. РОНТИС ДООЕЛ Велес
22. ПРОГРЕС 98 ДООЕЛ Гостивар
23. ФАРМАХЕМ ДООЕЛ Скопје
24. ДЕЛУКС АУТО ДООЕЛ Куманово
25. ВИА ДОО
26. КЕНТАУР-ИМПЕКС ДООЕЛ Скопје
27. АГРО-ПАРТНЕР ДООЕЛ с.Скудриње Маврово и Ростуша
28. ОВЧЕПОЛКА ДОО Велес
29. БАТЕ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје
30. ХРОМАК ДООЕЛ Куманово
31. ВИТА РЕС ДОО Ресен
32. АРЦ АУТОМОТИВ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
33. ЈАВОР-ТРАНС ДОО Струмица
34. СИМ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје
35. МЕТАЛТЕРМ ДОО Скопје
36. МЕУЦИИ БРОС ДОО Куманово
37. НОДУС КОМПАНИ Скопје
38. КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово
39. ДЕ-ЛУКС ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица
40. РАТСЕЛ ГРУП ДООЕЛ Скопје
41. МТ ПРОМЕТ-1 ДООЕЛ Струмица
42. МЕЛМАКС БМ ДООЕЛ Скопје
43. ДЕУС БИБ ДОО Скопје
44. БОСУТ ДОО Куманово

45. СДА ЈАВОР ДООЕЛ Струмица
46. ВИОЛА ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје
47. ГП ОИЛ ДООЕЛ Скопје
48. ПОШТАР.КО ДООЕЛ Скопје
49. ЕНТА СЕАЛ ДООЕЛ Скопје
50. ОПСО ДООЕЛ Велес
51. КАЛИСТРАТ ДООЕЛ Скопје
52. ТОБАКО ХОЛДИНГ ГРУП ДООЕЛ Скопје
53. КНИГО ПРИМА ДОО Скопје
54. УПМ-ГРУП ДООЕЛ Куманово
55. СЕР-ЛУКА ДООЕЛ Скопје

-Договорна ревизија:

1. ЕЛМАР АД Штип
2. КОЛЕКТА НП ДООЕЛ Скопје
3. СИГМАТЕЛ ДОО Скопје
4. ПОЛИО ПЛУС Скопје

## 7.Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеност на независноста на Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово

Изјавата со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово е дадена во прилог 2 кон овој Извештај.

## 8.Изјава за политиката што ја следи Друштво за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово за континуирана едукација на овластени ревизори

Изјавата за политиката што ја следи Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово за континуирана едукација на овластените ревизори е дадена во прилог 3 кон овој Извештај.

## 9. Финансиски информации

Друштвото ги нуди следните услуги:

1. Законска и договорна ревизија на финансиските извештаи

2. Останати ангажмани за уверување

3. Советодавни услуги за соодветни сметководствени третмани

4. Даночно советодавни услуги

ADDRESS
Braca Ribar 1, lok.5
Kumanovo, Macedonia
PO BOX 236

TELEPHONE & FAX
+389 (0) 31 422 762
+389 (0) 70 228 110
+389 (0) 70 375 077

WEB
kontakt@proaudit.com.mk
www.proaudit.com.mk

PRO AUDIT

Во 000 денари

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| **Вкупен приход на друштвото** | **7.217** | **6.317** |
| Поделба на приходот по видови на услуги | | |
| - услуги на ревизија | 7.037 | 6.162 |
| - дополнителни услуги на уверување во квалитет | 136 | 68 |
| - даночни советодавни услуги | | |
| - други неревизорски услуги | 44 | 87 |

## 9. Информација за основите по кои се утврдуваат примањата на овластените ревизори

Примањата на овластените ревизори во Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово се утврдени по следните основи:

- Сите овластени ревизори примаат фиксна плата во текот на целата година, согласно договорот за работа;
- Овластените ревизори кои се едновремено и капитални партнери во Друштвото, добиваат дивиденда, согласно учеството на секој од партнерите во капиталот на Друштвото.

Куманово 30.03.2021

Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово

управител, Соња Зафировиќ

управител, Дејан Вељковски

ADRESS
Braca Ribar 1 lok.5
Kumanovo, Macedonia
PO BOX 235

TELEPHONE & FAX
+389 (0) 31 422 762
+389 (0) 70 228 110
+389 (0) 70 375 077

WEB
kontakt@proaudit.com.mk
www.proaudit.com.mk

**Прилог 1**

**Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните Стандарди за Ревизија, Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово доследно се придржува во својата работа кон донесените политики за контрола на квалитет, заради ефективно извршување на поставените задачи од страна на вработените во Друштвото.

Куманово 30.03.2021

Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово

Друштво за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово

управител, Соња Зафировиќ

управител, Дејан Вељковски

ADRESS
Braca Ribar 1, lok. 5
Kumanovo, Macedonia
PO BOX 236

TELEPHONE & FAX
+389 (0) 31 422 762
+389 (0) 70 228 110
+389 (0) 70 375 077

WEB
kontakt@proaudit.com.mk
www.proaudit.com.mk

PRO AUDIT

**Прилог 2**

**Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на друштвото**

Согласно барањата на Законот за ревизија, како и донесените политики и постапки за контрола на квалитетот на Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово, се воспоставени следните интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста:

- Партнерот-управител е задолжен да ја утврдува независноста на Друштвото во однос на клиентите, со цел да се спречат било какви ограничувања кои може да се сметаат како нарушување на независност, што го потврдува со давање на писмена изјава, вообичаено пред отпочнување на сезона на активности (месец ноември).

- Партнерот-управител задолжен за етички прашања е одговорен за одржување на листи на клиенти на Друштвото, кои се достапни до сите партнери и членови на персоналот, при што, секој партнер и член на персоналот ја утврдува својата независност по пат на давање на писмена изјава во однос на листата на клиенти на Друштвото, вообичаено пред започнување на сезоната на активности.

Куманово 30.03.2021

Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово

Друштво за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово

управител, Соња Зафировиќ

управител, Дејан Вељковски

ADRESS
Braca Ribar 1, lok.5
Kumanovo, Macedonia
PO BOX 236

TELEPHONE & FAX
+389 (0) 31 422 762
+389 (0) 70 228 110
+389 (0) 70 375 077

WEB
kontakt@proaudit.com.mk
www.proaudit.com.mk

PRO AUDIT

**Прилог 3**

**Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуирана едукација на овластените ревизоти**

Согласно барањата на Законот за ревизија, како и донесените политики и постапки за контрола на квалитетот на работата во Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово, секое посебно ниво на персонал има обврска за континуирана професионална едукација, и тоа:

- овластените ревизори во Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово имаат обврска за професионално усовршување од минимум 40 (четириесет) часа годишно, организирана од страна на професионалната организација на ревизорите во Република Македонија.

- ревизорите и асистенти-ревизори посетуваат семинари и курсеви за обука од областа на сметководството и ревизијата организирани во самото друштво, како и задолжителна посета на сите семинари, курсеви и обуки кои се одржуваат како претходна обука за полагање на испитот за овластен ревизор.

Куманово 30.03.2021

Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово

Друштво за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово

управител, Соња Зафировиќ

управител, Дејан Вељковски

ADRESS
Braca Ribar 1, lok 5
Kumanovo, Macedonia
PO BOX 236

TELEPHONE & FAX
+389 (0) 31 422 762
+389 (0) 70 228 110
+389 (0) 70 375 077

WEB
kontakt@proaudit.com.mk
www.proaudit.com.mk